Министерство за финансии
Сектор за управување со јавен долг

# Извештај за јавниот долг на Република Македонија за третиот квартал од 2009 година

## Содржина

1. Позначајни активности во третиот квартал на 2009 година....................................................2
2. Состојба на јавен долг ...............................................................................................5
   2.1. Структура на јавниот долг.........................................................................................6
   2.2 Индикатори за ризик на портфолиото на јавниот долг ....................................................8
3. Повлечени средства по основ на надворешно и внатрешно задолжување..............................9
4. Сервисирање на вкупниот јавен долг.........................................................................10
5. Гарантиран јавен долг.............................................................................................10
6. Примарен пазар на државни хартии од вредност.........................................................11
   6.1 Структура по рочности на состојбата на недостасани државни хартии од вредност.....12
   6.2 Сопственичка структура на недостасани државни хартии од вредност..........................13
7. Секундарен пазар на државни хартии од вредност.......................................................13
   7.1 Македонска Берза......................................................................................................13
   7.2 Пазар преку шалтер...................................................................................................14
8. Контакти.................................................................................................................15

Скопје, декември 2009 година

# 1. Позначајни активности во третиот квартал на 2009 година

- ***Движење на вкупниот јавен долг*** – Вкупниот јавен долг на Република Македонија во третиот квартал на 2009 година бележи намалување од 270,1 милиони евра во споредба со претходниот квартал и заклучно септември 2009 година изнесува 2.020,8 милиони евра, односно 31,2% од БДП. Кај државниот долг се забележува пораст од 153,6 милиони евра односно зголемување од 2,4% поен во однос на БДП и во септември 2009 година изнесува 1.551,1 милиони евра односно 24%, што е во рамките на Мастришкиот критериум за јавниот долг, според кој долгот на општата Влада односно државниот долг не смее да надминува 60% од БДП.

  Надворешниот јавен долг на крајот на септември 2009 година изнесуваше 1.357,5 милиони евра и во однос на претходниот квартал се зголеми за 239,7 милиони евра. Оваа зголемување на надворешниот јавен долг се должи на емисијата на новата еврообврзница во износ од 175 милиони евра како и повлекувањето на општата алокација на специјални права за влечење од Меѓународниот монетарен фонд во износ 55,98 милиони евра и посебната алокација на специјални права за влечење во износ од 6,77 милиони евра. Внатрешниот јавен долг во јуни 2009 година изнесуваше 632,9 милиони евра, додека на крајот на септември 2009 година изнесува 663,3 милиони евра. Ова зголемување на внатрешниот јавен долг од 30,4 милиони евра, пред се, е резултат на зголемувањето на состојбата на благајничките записи кои Народна банка на Република Македонија ги издава за монетарни цели.

  Учеството на надворешниот јавен долг во вкупниот јавен долг споредено со вториот квартал од 2009 година се зголемува за 3,3% за сметка на учеството на внатрешниот јавен долг.

  Од аспект на валутната структура на јавниот долг во третиот квартал на 2009 година доминантно учество има долгот деноминиран во евра со 64,4% и споредено со претходниот квартал бележи зголемување од 4,8 процентни поени. Долгот деноминиран во домашна валута во споредба со јуни 2009 година се намалува за 5,8 процентни поени и изнесува 13,4%, од кои само благајничките записи кои ги издава Народната банка на Република Македонија учествуваат со 9,9%.

  Во врска со каматната структура на портфолиото на вкупниот јавен долг, долгот со фиксни каматни на крајот од третиот квартал од 2009 година бележи зголемување од 1,5 процентни поени во споредба со вториот квартал од 2009 година и изнесува 56,5%, и аналогно на тоа долгот со променлива каматна стапка бележи намалување од 1,5 процентни поени и истиот изнесува 43,5%.

- ***Емисија на континуирани државни хартии од вредност*** – во текот на третиот квартал од 2009 година реализирани се следните аукции: две аукции на 3-месечни државни записи, две аукции на 6-месечни државни записи и една аукција на 12-месечни државни записи.
  Вкупниот износ на државни хартии од вредност кој беше понуден на аукциите во третиот квартал од 2009 година изнесуваше 5,7 милијарди денари, додека реализацијата изнесуваше 5,042 милијарди денари. Од презентираните податоци за понудата и реализацијата на аукциите на државните хартии од вредност, може да се согледа дека процентот на успешност на аукциите реализирани во овој период е релативно висок и истиот изнесува 88,5%.

  Во овој извештај е прикажан краток осврт врз примарниот и секундарниот пазар на државни хартии од вредност, додека пазарот за државни хартии од вредност подетално е презентиран во „Публикацијата за пазарот на државни хартии од вредност“ која се издава двомесечно од страна на Секторот за управување со јавен долг - Министерство за

финансии.

- ***Секундарен пазар на државни хартии од вредност -*** Во периодот јули - септември 2009 година, на секундарниот пазар на државни хартии, односно на пазарот преку шалтер се реализираа вкупно 4 трансакции со државни записи, при што вкупниот номинален износ на тргување изнесуваше 25.710.000,00 денари. Во истиот период, на пазарот преку шалтер не е забележано тргување со државни обврзници.
  Во третиот квартал од 2009 година на Македонската берза се тргуваше со структурни (осум емисии на државни обврзници за денационализација и обврзници за старото девизно штедење) и со континуирани државни обврзници. Вкупниот обем на тргување во овој период изнесуваше 5.187.000 ЕУР, односно 317.310.056 денари, додека вкупниот остварен промет на тргување изнесуваше 4.329.000 ЕУР или 264.822.678 денари.
- ***Емисија на еврообврзница***- на 8 јули 2009 година, Министерството за финансии во име на Република Македонија изврши успешна емисија на еврообврзница на меѓународниот пазар на капитал во износ од 175 милиони евра. Рокот на кој е издадена еврообврзница е 3,5 години, односно истата ќе достаса во јануари 2013 година. Оваа хартија од вредност од страна на кредит рејтинг агенциите Standard & Poor's и Fitch беше оценета со BB+ и BB, соодветно. Побарувачката беше поголема од понудениот износ дефиниран во проспектот за издавање за 48,6 милиони евра, а инвеститорската база е географски дисперзирана по целиот европски континент и пошироко и ја сочинуваат инвеститори од Велика Британија (59,9%), Швајцарија (11,3), Бразил (8,6%), Австрија (6,9%), Данска (5,1%), Германија (3,1%), Грција (2,9%), Бенелукс (1,5%), и други земји (0,7%). Главните купувачи се друштва за управување со средства (35,8%), пензиски фондови (22,9%), инвестициони фондови (18,6%), приватни банки (10,8%), банки (7,6%), осигурителни фондови (3,4%), и други (0,9%).

**Таргети поставени во Стратегијата за управување со јавниот долг на Република Македонија 2009-2011 година и нивно остварување**

| **Таргети** | **Параметри на портфолиото на јавниот долг заклучно јуни 2009 година** | **Параметри на портфолиото на јавниот долг заклучно септември 2009 година*** | **Таргети за периодот 2009 до 2011 година** |
|---|---|---|---|
| Однос меѓу вкупниот јавен долг и БДП | 24% | 26,9% | да не надминува 40% |
| Однос меѓу државен долг и БДП | 21,1% | 24,0% | да не надминува 30% |
| Однос меѓу вкупно гарантираниот долг и БДП | 2,5% | 2,5% | да не надминува 10% |
| Учество на долгот во домашна валута во вкупниот јавен долг | во домашна валута-11,1% | во домашна валута-3,5% | Долг во домашна валута-13% (со девијација од 3% поени) |
| Учество на евро долгот во вкупниот јавен долг | долг во евра-65% | долг во евра-67% | 70% (со девијација од 5% поени) |
| Учество на надворешен јавен долг во вкупен јавен долг | надворешен јавен долг- 70,2% | надворешен јавен долг- 73,8% | надворешен јавен долг 70%-80% |

| Таргети | Параметри на портфолиото на јавниот долг заклучно јуни 2009 година | Параметри на портфолиото на јавниот долг заклучно септември 2009 година* | Таргети за периодот 2009 до 2011 година |
|---|---|---|---|
| Нето задолжување во 2009 година | 7,85 мил.ЕУР | 157 мил.ЕУР | 370 мил. евра |
| Нето задолжување на гарантиран јавен долг во 2009 | -3,4 мил. ЕУР | -6,7 мил. ЕУР | 150 мил. евра |

**При следење на реализацијата на таргетите долгот на НБРМ не е вклучен во пресметките за вкупниот јавен долг, согласно член 7 став 5 од Законот за јавен долг.*

# 2. Состојба на јавен долг

(во милиони ЕУР)

| | Q1 2009 | Q2 2009 | Q3 2009 |
|---|---|---|---|
| **НАДВОРЕШЕН ЈАВЕН ДОЛГ** | **1.122,1** | **1.117,8** | **1.357,5** |
| Државен долг | 929,0 | 925,8 | 1.098,0 |
| Долг на централна Влада(консолидиран) | 929,0 | 925,8 | 1.098,0 |
| Централна Влада | 896,3 | 893,0 | 1.067,1 |
| Јавни фондови | 32,7 | 32,7 | 30,9 |
| Општини | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Централна банка | 0,0 | 0,0 | 71,5 |
| Јавни претпријатија | 193,1 | 192,1 | 188,1 |
| **ВНАТРЕШЕН ЈАВЕН ДОЛГ** | **664,0** | **632,9** | **663,3** |
| Државен долг | 548,2 | 471,7 | 453,1 |
| Долг на централна Влада | 547,8 | 471,4 | 452,8 |
| Структурни обврзници | 340,7 | 315,1 | 312,9 |
| Обврзница за селективни кредити | 16,9 | 17,0 | 17,0 |
| Обв. за приватизација на Стопанска банка | 49,3 | 47,2 | 45,1 |
| Обврзница за старо девизно штедење | 152,9 | 127,4 | 127,4 |
| Обврзници за денационалнизација | 121,6 | 123,5 | 123,5 |
| Континуирани ДХВ | 207,1 | 156,3 | 139,9 |
| Општини | 0,4 | 0,3 | 0,3 |
| Централна банка | 112,6 | 158,2 | 207,4 |
| Јавни претпријатија | 3,2 | 3,0 | 2,8 |
| **ВКУПЕН ЈАВЕН ДОЛГ-Според ГФС методологијата и Законот за јавен долг** | **1.786,1** | **1.750,7** | **2.020,8** |
| Надворешен долг како % од вкупен јавен долг | 62,8 | 63,8 | 67,2 |
| Домашен долг како % од вкупен јавен долг | 37,2 | 36,2 | 32,8 |
| Вкупен јавен долг како % од БДП | 27,6 | 27,0 | 31,2 |
| Вкупен јавен долг како % од извоз | 72,6 | 71,2 | 95,9 |
| **Државен долг** | **1.477,2** | **1.397,5** | **1.551,1** |
| Надворешен државен долг како % од вкупниот државен долг | 62,9 | 66,2 | 70,8 |
| Внатрешен државен долг како %од вкупниот државен долг | 37,1 | 33,8 | 29,2 |
| Државен долг како % од БДП | 22,8 | 21,6 | 24,0 |
| Државен долг како% од просечен извоз | 60,0 | 56,8 | 73,6 |

*Извор:МФ и НБРМ*

# 2.1. Структура на јавниот долг

Движење на внатрешниот и надворешниот јавен долг




*Извор:Мф*

Каматна структура на вкупниот јавен долг




*Извор:Мф*

Валутна структура на вкупниот јавен долг




*Извор:Мф*

Пазарен/непазарен јавен долг заклучно со 30 јуни 2009




Пазарен/непазарен јавен долг заклучно со 30 септември 2009




*Извор:Мф*

*Извор:Мф*




*Извор:МФ и НБРМ*




*Извор:МФ и НБРМ*




*Извор:МФ*

## 2.2 Индикатори за ризик на портфолиото на јавниот долг

| Просечно време на достасување – ATM (во години) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 30.09.08 | 31.12.08 | 31.03.09 | 30.06.09 | 30.09.09 |
| Внатрешен јавен долг | 2,57 | 2,35 | 1,79 | 2,17 | 1,98 |
| Надворешен јавен долг | 8,67 | 8,54 | 8,44 | 8,30 | 8,16 |
| Вкупен јавен долг | 6,60 | 6,43 | 5,94 | 6,23 | 6,02 |

*Извор: МФ*

| Просечно време до рефиксирање– ATR (во години) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 30.09.08 | 31.12.08 | 31.03.09 | 30.06.09 | 30.09.09 |
| Внатрешен јавен долг | 2,22 | 2,03 | 1,54 | 1,91 | 1,75 |
| Надворешен јавен долг | 7,07 | 7,03 | 6,98 | 6,63 | 6,62 |
| **Вкупен јавен долг** | **5,42** | **5,33** | **4,94** | **5,04** | **4,94** |

*Извор: МФ*

| Времетраење (Duration) на внатрешен јавен долг (во години) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 30.09.08 | 31.12.08 | 31.03.09 | 30.06.09 | 30.09.09 |
| Структурни обврзници | 2,09 | 2,09 | 1,90 | 2,18 | 1,93 |
| Континуирани ДХВ | 0,52 | 0,52 | 0,50 | 0,25 | 0,36 |
| Внатрешен јавен долг | 1,82 | 1,68 | 1,37 | 1,54 | 1,39 |

*Извор: МФ*

# 3. Повлечени средства по основ на надворешно и внатрешно задолжување

## Повлекувања по основ на кредити

| *Во милиони евра* | Q3-2008 реализација | Q4-2008 реализација | Q1-2009 реализација | Q2-2009 реализација | Q3-2009 реализација | Планирани повлекувањ а во Q3-2009 | Процент на реализација во Q3-2009* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупен јавен долг** | **9,9** | **64,9** | **8,5** | **18,9** | **254,4** | **214,5** | **118,6%** |
| **Државен долг** | **4,2** | **36,1** | **5,3** | **14,8** | **186,5** | **206,5** | **90,3%** |
| **Долг на централна влада** | **4,2** | **34,6** | **5,3** | **14,8** | **186,5** | **206,5** | **90,3%** |
| **Официјални кредитори** | **4,2** | **34,6** | **5,3** | **14,8** | **11,5** | **31,5** | **36,6%** |
| **Мултилатерални кредитири** | **1,5** | **26,8** | **2,6** | **11,8** | **6,3** | **24,0** | **26,1%** |
| ИБРД | 0,8 | 18,8 | 2,6 | 6,8 | 6,3 | 16,0 | 39,1% |
| ИФАД | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | - |
| ЦЕДБ | 0,7 | 0,0 | 0,0 | 5,0 | 0,0 | 6,0 | 0,0% |
| ЕБРД | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 2,0 | 0,0% |
| ЕИБ | 0,0 | 8,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | - |
| **Билатерални кредитори** | **2,7** | **7,8** | **2,6** | **3,0** | **5,2** | **7,4** | **70,5%** |
| **Приватни кредитори** | **0,0** | **0,0** | **0,0** | **0,0** | **175,0** | **175,0** | **100,0%** |
| **Јавни претпријатија** | **5,7** | **28,7** | **3,2** | **4,2** | **67,9** | **8,0** | **848,2%** |
| **Официјални кредитори** | **5,7** | **8,7** | **3,2** | **4,2** | **5,1** | **8,0** | **63,9%** |
| **Мултилатерални кредитири** | **5,7** | **4,7** | **1,8** | **2,6** | **4,5** | **5,0** | **89,5%** |
| ИБРД | 3,5 | 1,9 | 0,4 | 0,9 | 2,7 | 2,0 | 135,5% |
| ЕБРД | 2,2 | 2,8 | 1,4 | 1,7 | 1,8 | 3,0 | 58,9% |
| ММФ | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 62,8 | 0,0 | - |
| **Билатерални кредитори** | **0,0** | **4,0** | **1,4** | **1,5** | **0,6** | **3,0** | **21,1%** |
| **Приватни кредитори** | **0,0** | **20,0** | **0,0** | **0,0** | **0,0** | **0,0** | **-** |

*Извор:МФ и НБРМ*

## Нето емисија на континуирани државни хартии од вредност и структурни обврзници

| | ***Во милиони ЕУР*** | Q3-2008 | Q4-2008 | Q1-2009 | Q2-2009 | Q3-2009 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **I** | Нето издадени континуирани државни хартии од вредност | 5,2 | 49,3 | 85,1 | -51,2 | -16,4 |
| 1 | 1-месечни ДЗ | 0,0 | 0,0 | 66,8 | -67,0 | 0,0 |
| 2 | 3-месечни ДЗ | 8,8 | 35,6 | 24,7 | -2,2 | -51,3 |
| 3 | 6-месечни ДЗ | -5,1 | 7,1 | -1,3 | -4,1 | 29,6 |
| 4 | 12-месечни ДЗ | 0,7 | 1,7 | -1,1 | 21,9 | 5,3 |
| 5 | 2-годишна ДО | 0,7 | 4,9 | -3,9 | 0,2 | 0,0 |
| 6 | 3-годишна ДО | 0,1 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| **II** | 7-ма емисија на обврзница за денационализација* | 25,2 | 0,0 | 0,0 | 19,0 | 0,0 |
| **I+II** | ***Вкупно*** | ***30,4*** | ***49,3*** | ***85,1*** | ***-32,2*** | ***-16,4*** |

*по основ на обврзниците за денационализација нема реален прилив на средства во Буџетот на Република Македонија, туку тие се емитуваат на лицата во процесот на денационализација кои Република Македонија не ги обештетува преку реален имот туку преку обврзници

*Извор:МФ*

# 4. Сервисирање на вкупниот јавен долг




*Извор:Мф и НБРМ*

# 5. Гарантиран јавен долг




*Извор:МФ и НБРМ*

# 6. Примарен пазар на државни хартии од вредност

## Аукции на државни хартии од вредност во Q3-2009

| | Резултати од аукции на ДХВ за Q3- 2009 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 3 месеци | | 6 месеци | | 12 месеци |
| | DZ2009/15-91 | DZ2009/16-91dk | DZ2009/07-182дк | DZ2009/08-182дк | DZ2009/04-364дк |
| ISIN код | MKMINFDZ9138 | MKMINFDZ9179 | MKMINFDS9079 | MKMINFDS9087 | MKMINFDY9048 |
| Денови/години на достасување | 91 | 91 | 182 | 182 | 364 |
| Дата на аукција | 07.07.2009 | 01.09.2009 | 07.07.2009 | 04.08.2009 | 21.07.2009 |
| Дата на достасување | 07.10.2009 | 02.12.2009 | 06.01.2010 | 03.02.2010 | 21.07.2010 |
| Девизен курс ДЕН/ЕУР: | - | 61.1761 | 61,1741 | 61,1642 | 61,1841 |
| Максимална каматна стапка | 9,09 | - | - | - | - |
| Минимална каматна стапка | 7,90 | - | - | - | - |
| Пондерирана каматна стапка | 8,65 | - | - | - | - |
| Каматна стапка | - | 5,40 | 5,25 | 5,50 | 5,70 |
| Постигната цена | 97,86 | - | - | - | - |
| Цена | - | 98,6534 | 97,4145 | 97,2947 | 94,5507 |
| Понуда | 500.000.000 | 2.200.000.000 | 600.000.000 | 1.500.000.000 | 900.000.000 |
| Побарувачка | 806.810.000 | 1.958.910.000 | 1.225.600.000 | 1.640.390.000 | 483.790.000 |
| Реализација | 500.000.000 | 1.958.910.000 | 600.010.000 | 1.500.000.000 | 483.790.000 |
| Реализација на конкурентни понуди | 500.000.000 | - | - | - | - |
| Реализација на неконкурентни понуди | 0 | - | - | - | - |
| Процент на неконкурентни понуди | 1 | - | - | - | - |
| Bid to cover ratio | 1,61 | 1 | 2,04 | 1,09 | 1 |
| Доставени понуди | 28 | 25 | 13 | 16 | 7 |

*Извор:МФ*

**Каматни стапки на аукциите на државни хартии од вредност со девизна клаузула одржани во 2009 година**

| Датум на аукција | 3-месечни ДЗ | | | 6-месечни ДЗ | | | 12-месечни ДЗ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мин. | Макс. | Каматна стапка | Мин. | Макс. | Каматна стапка | Мин. | Макс. | Каматна стапка |
| 16.06.2009 | | | 5,25 | | | | | | 7,00 |
| 23.06.2009 | | | | | | | | | 7,00 |
| 07.07.2009 | | | | | | | | | |
| 21.07.2009 | | | | | | 5,25 | | | 5,70 |
| 04.08.2009 | | | | | | 5,50 | | | |
| 01.09.2009 | | | 5,40 | | | | | | |

*Извор:МФ*




*Извор:МФ*

## *6.1 Структура по рочности на состојбата на недостасани државни хартии од вредност*






## *6.2 Сопственичка структура на недостасани државни хартии од вредност*







Извор:МФ и Македонска берза

# 7. Секундарен пазар на државни хартии од вредност

## *7.1 Македонска Берза*




Извор: МФ и Македонска берза

**Принос до достасување на структурните државни обврзници**




*Извор: МФ и Македонска берза*

## *7.2 Пазар преку шалтер*

**Склучени трансакции на пазарот преку шалтер на ДЗ во периодот јануари 2009 - септември 2009**




*Извор:Мф*




*Извор:Мф*

# 8. Контакти

| Контакт лице | Позиција | Телефон | E-mail |
|---|---|---|---|
| Сања Манасијевиќ Манчева | Раководител на одделение за политика на управување со јавен долг и анализа на ризици | 3106-293 | sanja.manasijevic@finance.gov.mk |
| Ана Стојкова | Раководител на одделение за задолжување и инвестирање | 3106-293 | ana.stojkova@finance.gov.mk |
| Афердита Реџепи | Одделение за политика на управување со јавен долг и анализа на ризици | 3106-327 | aferdita.redzepi@finance.gov.mk |
| Дејан Деспотоски | Одделение за политика на управување со јавен долг и анализа на ризици | 3106-578 | dejan.despotoski@finance.gov.mk |